**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

# за II одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Англиски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II (второ) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Јас и другите во домот***<br>● ***Јас и другите во училиштето***<br>● ***Јас и другите во мојата непосредна околина***<br>● ***Јас и другите во слободното време*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Со цел успешна реализација на наставата по англиски јазик во второ одделение, ќе се користат:<br>● компјутер, печатач, проектор, табла;<br>● кукли за игровни активности, фотографии, слики, играчки;<br>● материјал за изработка на роденденска/-и честитка/-и, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боици, фломастери. |
| **Норматив на наставен кадар** | - Завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература – наставна насока, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик – VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени четиригодишни студии на студиската програма Македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази кои се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-А.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-А.6 | јасно и правилно да ги изговара сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата: **Дигитална писменост**, **Личен и социјален развој** и **Општество и демократска култура** на Националните стандарди.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заедничките цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО ДОМОТ***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. се поздравува, да се претставува себе, да бара соговорникот да се претстави/збогува на неформален начин преку поставување прашања и давање одговори при остварување прв контакт;
2. го претставува своето семејство пред соговорници;
3. го разбира значењето на определен број зборови и истите да ги користи во соодветен контекст (членови на своето семејство, простории и предмети во домот);
4. ги користи личните заменки, показната заменка this, присвојните придавки и предлозите за место при формулирање едноставни реченици во Present Simple Tense (to be – потврдна и одречна форма) во контекст на претставување, присвојност и опишување на семејството и домот.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• Поздравување/збогување (неформално): Hi! Hello! See you, bye!<br>• Претставување себеси и членовите на своето семејство: What's your name? My name is Aktan. / This is my cousin. / How old are you? I'm six. | • Учествува во кус дијалог преку соодветно возвраќање (надоврзување) на неформални поздрави, внимателно следејќи го соговорникот, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците.<br>• Одговара на кратки заповедни реченици со вербален/невербален јазик.<br>• Ги кажува усвоените кратки заповедни реченици со вербален/невербален јазик.<br>• Самостојно продуцира усвоени кратки заповедни реченици. |

| | |
|---|---|
| ● Заповедување: Open (close) your book, please! / Be quiet, please! / Look at this, please! / Sit down, please! / Point up (down), please! / Stand up, please! / Touch your nose, please! | |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● Членови на своето семејство: mother, father, brother, sister, baby, aunt, uncle, grandmother, grandfather, cousin<br>● Простории (соби) во домот: a bedroom, a bathroom, a living room, a dining room, a kitchen<br>● Предмети во домот: a chair, a bed, a table, a lamp, a mirror, a cabinet, a toy box | ● Именува членови на семејството (потесно и пошироко).<br>● Ги набројува предметите и просториите (собите) во домот.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со членовите на семејството, просториите (собите) и предметите во домот.<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со информации за просториите (собите) и предметите во домот преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели.<br>● Учествува во кус дијалог преку соодветно претставување на членовите на своето потесно и пошироко семејство (под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците). |
| в) Граматички структури:<br>● Лични заменки: I, you, he/she/it, you, they<br>● Показни заменки (еднина): This is…<br>● Предлози за место: on, in, under<br>● Глаголи (кои соодветствуваат со лексиката): live, work, visit<br>● Присвојни придавки: My, your, his, her... My grandfather / her aunt<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/She/It is / They are<br>● Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / They are not | ● Одговара на едноставни прашања поврзани со претставување себеси и членовите на своето потесно и пошироко семејство.<br>● Ги употребува личните заменки при претставување себеси и членовите од своето семејство.<br>● Ги користи показните заменки во едноставни реченици при посочување предмет/лице кој/кое просторно се наоѓа блиску до соговорникот.<br>● Ги користи присвојните придавки во едноставни реченици за искажување присвојност.<br>● Ги употребува предлозите за место: in, on, under, above (местоположба на предметите во домот) во едноставни реченици при опишување простории (соби) и предмети во домот.<br>● Правилно ги применува граматичките структури при претставување, искажување присвојност и давање кратки описи. |

| | |
|---|---|
| г) Интеркултурни содржини[1]:<br>● Birthday: cake, candles, present, party<br>● Happy Thanksgiving!<br>● Christmas: lights, candy canes, Christmas carols, angels, bells, cookies and milk, hot chocolate<br>● New Year: fireworks, countdown from 10 to 1, midnight<br>● Mother’s Day: flowers, a card, hugs<br>● Father’s day: chocolate, a card, hugs | ● Идентификува прослава на роденден по слушнат исказ.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици на тема поврзана со прославување роденден.<br>● Идентификува и разликува празници по слушнат исказ.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со празниците: Thanksgiving Day, Christmas, New Year.<br>● Честита Ден на благодарноста.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со Денот на мајката.<br>● Репродуцира детска песна посветена на Денот на мајката.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со Father’s day;<br>● Честита Ден на таткото. |

**Примери за активности**

- Наставникот поздравува, се претставува себеси, а учениците неформално поздравуваат и отпоздравуваат.
- Наставникот користи илустрации за да ги претстави сите членови на потесното и поширокото семејство. Учениците, поделени во групи, „формираат“ пошироко семејство преку влечење од илустрациите и секој од групата кажува кој член на семејството го претставува и во која релација е со другите членови од „своето“ семејство.
- Наставникот прикажува илустрации на просториите (собите) и предметите во домот и со правилна интонација ги изговара лексичките единици поврзани со нив. Учениците прво ги слушаат и повторуваат лексичките единици, а потоа ги идентификуваат на прикажан видеоматеријал.
- Учениците, поделени во групи, изработуваат *Family Tree* со цртежи од членови на семејство. Потоа го претставуваат цртежот, наведувајќи ги вклучените членови.
- Учениците го цртаат својот замислен дом и го претставуваат пред другите, наведувајќи ги просториите и предметите во него.
- Секој ученик кажува по два предмета кои ги има во својот дом: *I have got a lamp on the desk. I have got posters on the wall.*
- Учениците пеат Nursery rhymes и леснички, како што се: *Hello, hello; Can you clap your hands?*

[1] Интеркултурните содржини се наведени во рамки на темите на кои им припаѓаат, но се очекува да бидат реализирани во периодот кога се празнува конкретниот празник опфатен во самата содржина, независно од периодот кога се реализираат останатите содржини од темата.

- Учениците се делат во четири групи (cakes, candles, presents, party) и цртаат роденденски честитки поврзани со називот на групата. Потоа, застанати во круг, ги разменуваат повеќе пати, честитајќи роденден.
- Учениците прават рачни изработки поврзани со Денот на благодарноста.
- Учениците креираат слики на предмети (лексички единици поврзани со Christmas) со помош на претходно исечени геометриски форми (3 triangles = Christmas tree).
- Учениците слушаат и пеат песнички: *Silent Night.*
- Учениците симулираат дочек на Нова година со броење од 10 до 1. На „0“ извикуваат Happy New Year!
- Учениците слушаат и пеат песна за мајката (на пример: Happy mother's day song од линкот: https://www.youtube.com/watch?v=A014gTIAeng )
- Учениците, поделени во групи, изработуваат честитки за одбележување на Меѓународниот ден на таткото, по инструкции што ги дава наставникот за тоа што да нацртаат и со која боја да ги обојат.

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. се поздравува/се збогува на формален начин со примена на моделите на учтиво комуницирање;
2. брои од 1 до 20 и да ги користи броевите во различен контекст;
3. го разбира значењето на слушнатите лексички единици поврзани со училишната средина, со облеката и со геометриските форми и истите да може да ги идентификува и наведе;
4. ги применува формите на кратки заповеди и повикува на активност преку реченици со изразот LET'S;
5. формира кратки исказни реченици со примена на усвоените глаголи во Present Simple Tense (to be – потврдна и одречна форма, to have got – потврдна и одречна форма) во контекст на претставување, присвојност и искажување што поседува/не поседува.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• Поздравување/збогување (формално): Good morning! Good afternoon! Good evening! Good night! Good bye!<br>• Претставување и учтиво комуницирање: My name is … / I come from …. Nice to meet you. How are you? Fine, thank you. And you? | • Воспоставува прв контакт на формален начин и учтиво возврача при претставување.<br>• Следи едноставни инструкции и соодветно реагира на нив.<br>• Ги повторува усвоените кратки заповедни реченици со вербален/невербален јазик.<br>• Самостојно продуцира усвоени кратки заповедни реченици.<br>• Идентификува и разликува броеви од 1 до 20 по кус слушнат исказ. |

| | |
|---|---|
| • Заповедување: Listen and point, please! / Open the window, please! / Close the door, please! / Clean the desk, please!<br>• Броење до 20: eleven, twelve, thirteen ... | • Одговара (со вербален/невербален јазик) на поставена слушната задача поврзана со броеви од 1 до 20. |
| б) Лексички единици:<br>• Училиште: a board, a clock, a ruler, a crayon, a desk, a glue, scissors<br>• Облека: a school uniform, trainers, shoes, a T-shirt, a skirt, jeans, trousers, a hat, a cap, a jacket<br>• Дводимензионални геометриски форми (облици): circle, triangle, rectangle, square<br>• Броеви до 20 | • Ги идентификува и разликува лексичките единици поврзани со училишната средина, облеката и дводимензионалните геометриски форми (облици) по кус слушнат исказ.<br>• Ги набројува усвоените лексички единици поврзани со училиштето, облеката и дводимензионалните геометриски форми (облици).<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со училишната средина, облеката и дводимензионалните геометриски форми (облици).<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со броеви од 1 до 20 во едноставни исказни реченици. |
| в) Граматички структури:<br>• Лични заменки: I, you, he/she/it, you, they<br>• Присвојни придавки: His glue; Her desk<br>• Глаголи кои укажуваат на физичка/движечка активност: jump, run, shake, catch, kick, sit, stretch up<br>• Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is / They are<br>• Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / They are not<br>• Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): I have got 2 hats. / She has got new crayons.<br>• Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven’t got a ruler. / She hasn’t got scissors. | • Ги користи присвојните придавки во контекст на искажување присвојност.<br>• Ги идентификува и употребува глаголите кои укажуваат на физичка/движечка активност во соодветен контекст.<br>• Правилно ги применува граматичките структури при претставување и искажување што поседува/не поседува.<br>• Одговара на едноставни прашања поврзани со информации за себе и за тоа што поседува/не поседува преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели.<br>• Невербално реагира на едноставни реченици со изразот LET’S кои повикуваат на физичка/движечка активност.<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени реченици со изразот LET’S кои повикуваат на физичка/движечка активност. |

| | |
|---|---|
| ● Едноставни исказни реченици (кои повикуваат на активност) со LET'S: Let`s run! Let`s stretch up! Let`s dance! | |
| г) Интеркултурни содржини:<br>● International Earth Day: a plant, save | ● Самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со прославување на International Earth Day.<br>● Репродуцира детска песна посветена на International Earth Day. |

**Примери за активности**

- Учениците, застанати во круг, водат меѓусебен дијалог со соучениците од својата десна и лева страна во кој формално се поздравуваат и се збогуваат, користејќи ги моделите на учтива комуникација.
- Учениците со физички допир ги бројат предметите во училницата (на пример: боичките во својот прибор, столчињата во училницата и сл.).
- Учениците ги поврзуваат броевите со дадени предмети прикажани на работен лист (3 = ).
- Наставникот запишува на табла броеви помеѓу 11 и 20. За секој број учениците (во парови), што е можно побрзо, формираат купчиња од толкав број предмети (исти или различни) од својата околина.
- Учениците ги наведуваат називите на предметите во училницата кои ги содржат дводимензионалните геометриски облици, дадени од страна на наставникот.
- Наставникот користи реалии за претставување на лексичките единици поврзани со облека, а учениците ја опишуваат сопствената облека, користејќи ги наведените лексички единици.
- Учениците опишуваат облека по дадена слика/постер.
- Учениците преку активности со игри го увежбуваат усвоениот вокабулар.
  - Игри со слушање и невербално реагирање (listening games), како што се: *Simon says: Clap your hands! ; Simon says: Stretch up!;*
  - Echo game. Наставникот кажува глагол кој укажува на активност, а ученикот го повторува глаголот со примена на изразот LET'S.
  - Игра. Допри ја точната геометриска фигура (облик) на екранот (Kahoot) (ИКТ).
  - Игра. Учениците погодуваат кои предмети од училницата се наоѓаат во кутијата (*What's in the box?*).
  - Игра. Учениците цртаат форми во воздухот, а останатите се обидуваат да ја погодат формата (*Air Drawing).*
- Учениците класифицираат различни делови од облеката врз дадена илустрација на годишно време со примена на претходно подготвени шаблони со лепење или боцкање (summer: shorts, a t-shirt; winter: a hat, a coat) – магнетна приказна.

- Учениците фрлаат коцка со претходно означен глагол на страните на коцката (jump, run, shake, catch, kick, sit, stretch up), истиот го именуваат и изведуваат соодветни движења со телото.

- Учениците слушаат и пеат песничка посветена на заштитата на планетата Земја (на пример: Yes, Yes, Save the Earth Song од линкот:https://www.youtube.com/watch?v=xqkGPgtFHR4).

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО МОЈАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го разбира значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со непосредната околина: животни и нивните малечки, прехранбени продукти (храна и пијалоци), делови од телото и истите може да ги користи во соодветен контекст;
2. ја опише својата непосредна околина со усвоените основни реченични модели;
3. користи лични заменки, именки, описни придавки, придавки (бои), како и определен број глаголи при формулирање едноставни реченици во Present Simple Tense (to be – потврдна и одречна форма, to have got – потврдна и одречна форма, to like – потврдна и одречна форма) во контекст на опишување, разликување еднина и множина, разликување бои и искажување присвојност во едноставни исказни реченици;
4. го опише својот изглед и изгледот на различни животни;
5. ги препознава и идентификува прехранбените продукти на ниво на допаѓање/недопаѓање.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● Претставување животни и нивните малечки: It is a dog. They are puppies.<br>● Опишување животни: My parrot is small. It is orange and green. It has got wings.<br>● Опишување себеси: I have got big eyes. I have got long hair.<br>● Искажување допаѓање/недопаѓање на прехранбени продукти: I like chocolate. I don't like pasta. | ● Препознава, именува и претставува животни и нивните малечки по дадена илустрација или по ономатопеја.<br>● Опишува животни според надворешните карактеристики.<br>● Се опишува себеси според надворешните карактеристики.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со животни и нивните малечки, прехранбени продукти (храна и пијалоци) и делови од телото.<br>● Одговара (со вербален/невербален јазик) на едноставни прашања поврзани со своето мислење (допаѓање/недопаѓање) за одредени животни и прехранбени продукти. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● Места: a market, a supermarket, the jungle, a zoo, a candy shop<br>● Животни и нивните малечки: a cat/a kitten, a dog/a puppy, a chicken/a chick, a snake, a spider, an elephant, a tiger, a crocodile, a frog, an ant<br>● Прехранбени продукти (храна и пијалоци): eggs, meat, pizza, sandwich, pasta, apple, pear, banana, carrot, cheese, chocolate, tomato, potato, watermelon, water, milk, tea<br>● Делови од телото: a head (eyes, ears, a nose, hair, a mouth), shoulders, arms, hands, fingers, legs, knees, feet, toes, wings, tail | ● Ги идентификува и разликува лексичките единици поврзани со места, животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото по кус слушнат исказ.<br>● Ги наведува усвоените лексички единици поврзани со места, животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото.<br>● Ја опишува својата непосредна околина со усвоените лексички единици и основните реченични модели.<br>● Учествува во кус дијалог на теми поврзани со својата непосредна околина под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со места, животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото. |
| в) Граматички структури:<br>● Лични заменки: I, you, he/she/it, they<br>● Еднина и правилна множина (именки): apple/apples, egg/eggs, toe/toes<br>● Описни придавки (кои соодветствуваат со лексиката): good, long, short: It is a long tail. / She is a good friend. / I have got 5 black and white kittens.<br>● Придавки (бои): orange, pink, grey, purple<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is /They are<br>● Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / They are not<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): I have got long hair. / She has got 2 candies.<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven't got blue eyes. / Cat hasn't got wings. | ● Одговара на едноставни прашања поврзани со места, животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели. Ги препознава и ги користи личните заменки: I, you, he/she/it, they во соодветен контекст при опишување.<br>● Препознава и разликува именки во еднина и множина по кус слушнат исказ.<br>● Ги препознава и ги користи описните придавки (good, long, short) во соодветен контекст при опишување.<br>● Ги препознава, именува, разликува и боите: orange, pink, grey, purple и ги користи како придавки во различен контекст.<br>● Правилно ги применува граматичките структури при опишување себеси и животните.<br>● Правилно ги применува граматичките структури при искажување што поседува/не поседува.<br>● Ги разликува потврдната и одречната форма од глаголот to like и правилно ги користи во соодветен контекст.<br>● Самостојно продуцира едноставни исказни реченици. |

| | |
|---|---|
| ● Present Simple Tense of TO LIKE (потврдна форма): I like pears. I like pasta.<br>● Present Simple Tense of TO LIKE (одречна форма): I don’t like milk. I don’t like spiders.<br>● Глаголи (кои соодветствуваат со лексиката): eat, drink, go, look, smell, touch<br>● Едноставни исказни реченици: I have got a fish. It is big. My fish is purple. / Look, it’s a green banana! | |
| г) Интеркултурни содржини:<br>● Halloween: ghost, witch, broom, pumpkin, zombie, dark, trick-or-treating, bat, candy, costume, scared<br>● Trick or treat!<br>● Boo!<br>● April Fool’s Day | ● Го идентификува празникот Halloween по слушнат исказ.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици на тема поврзана со празникот Halloween.<br>● Самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со Први април.<br>● Самостојно продуцира едноставни исказни реченици во контекст на Први април. |

**Примери за активности**

- Учениците преку игровни активности го увежбуваат усвоениот вокабулар.
- Игри на асоцијации (association game), како во играта *Where am I?* каде што наставникот дава опис на место, а учениците го погодуваат.
- Echo game. Наставникот извикува именка, а учениците истата именка ја повторуваат во множина (a cat/cats, a kitten/kittens).
- Odd one out. Учениците ја отстрануваат сликата со лексичката единица (поимот) која не припаѓа во истата низа (категорија/група), на пример: puppy, kitten, pizza, chick. (ИКТ)
- The ladder game. Учениците цртаат видови храна која најмногу им се допаѓа/не им се допаѓа подредени на скала со примена на граматичките структури I like/I don’t like.
- Tick/cross. Учениците ги класификуваат видовите храна која најмногу им се допаѓа/не им се допаѓа во Т-табела со примена на граматичките структури I like/I don’t like.
- Учениците ја слушаат и пеат песничката *Head and shoulders*, песнички со повторливи зборови (chants) и песнички како: *Skidamarink; Do you like lasagna…?; Three Little Kittens, Have Got Song.*
- Учениците со пластелин моделираат овошје и зеленчук и ги именуваат лексичките единици на направените модели.

- Учениците ги заокружуваат лексичките единици (прикажани во форма на сликички) кои се издвојуваат како здрава храна (healthy food).
- Наставникот чита кратки искази, а учениците цртаат и бојат согласно слушнатиот исказ – сликовен диктат (Draw 3 small pears. Draw a big and a small banana.).
- Учениците изработуваат маски со смешно лице за April Fool's Day со материјали за рециклирање (на пример: хартиени чинии, капачиња, конец и сл.) и ја опишуваат својата изработка.
- Учениците изработуваат честитки по повод Денот на мајката на кои претставуваат цвеќиња според насоки за бои и облици дадени од наставникот.
- Учениците изработуваат декорации, маски/костими за Halloween и ги поврзуваат со учените лексички единици/интеркултурни поими.
- Учениците, поделени во групи, смислуваат едноставни исказни реченици за да ги насмејат и излажат другите (на пример: Sara has green hair and long tail).

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го разбере значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со слободното време, временските услови, деновите во седмицата, деловите од денот и истите ги користи во соодветен контекст;
2. се извини, да замоли, да се заблагодари, учтиво да побара, да прифати/одбие нешто со формите на учтиво изразување;
3. изрази што умее и што не умее да направи (со примена на модалниот глагол CAN) во однос на одредена активност;
4. користи лични заменки, именки, придавки (бои), како и определен број глаголи при формулирање едноставни реченици во Present Simple Tense (to be – потврдна и одречна форма, to have got – потврдна и одречна форма) во контекст на опишување годишни времиња, искажување присвојност и искажување активност во едноставни исказни реченици.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• Учтиво изразување (извинување, замолување, заблагодарување, учтиво барање со примена на модалниот глагол CAN): *Can I have a pen, please? / Yes, please. / No, thank you. /* | • Повторува јазични форми на учтиво изразување (со и без модалниот глагол CAN).<br>• Идентификува и разликува јазични форми на учтиво изразување со модалниот глагол CAN преку слушнат контекст.<br>• Репродуцира и самостојно продуцира едноставни исказни реченици поврзани со активности кои ги отсликуваат личните способности. |

| | |
|---|---|
| ● Изразување што умее и не умее (со примена на модалниот глагол CAN)*: I can speak English. I can't read English.* | ● Води кус дијалог преку употреба на јазичните форми на учтиво изразување (извинување, замолување, заблагодарување, учтиво барање со примена на модалниот глагол CAN) соодветни на контекстот, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците. |
| б) Лексички единици:<br>● Годишни времиња (одмори): spring, summer, autumn, winter, holidays<br>● Временски услови (придавки): sunny, rainy, snowy, cloudy, windy<br>● Денови во седмицата: Monday, Tuesday, Wednesday, Thursday, Friday, Saturday, Sunday, weekend<br>● Делови од денот: day, night, morning, afternoon, evening<br>● Изрази (поврзани со слободното време): listen to music, read a book, catch a fish, watch TV, play with ball, ride a bike | ● Ги препознава и ги разликува четирите годишни времиња и нивните карактеристики.<br>● Ги користи усвоените лексички единици да ги опише временските услови.<br>● Ги именува деновите во седмицата и деловите од денот.<br>● Идентификува и разликува временски услови и изрази по кус слушнат исказ.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици (изрази поврзани со слободното време). |
| в) Граматички структури:<br>● Лични заменки: I, you, he/she/it, we, you, they<br>● Придавки (бои): purple, grey, black<br>● Глаголи (кои соодветствуваат со лексиката): sleep, draw, sing, play, listen, watch TV, camp, throw, paint, colour<br>● Едноставни исказни реченици: In summer, we camp. / It is snowy in winter.<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is / We are / You are / They are<br>● Present Simple tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not/ We are not / You are not / They are not | ● Ги разбира и ги користи личните заменки за сите лица во еднина и множина.<br>● Ги препознава, именува, разликува и ги користи боите: purple, grey, black преку соодветните придавки во различен контекст.<br>● Ги препознава и ги користи предвидените глаголи кои изразуваат активност: sleep, draw, sing, play, listen, watch TV, camp, throw, paint, colour.<br>● Ги наведува и опишува годишните времиња со формата на глаголот TO BE во Present Simple Tense.<br>● Репродуцира едноставни исказни реченици поврзани со активности во дадено годишно време и временски услови.<br>● Опишува активности кои ги изведува во своето слободно време со усвоените лексички единици и основните реченични модели. |

| | |
|---|---|
| ● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): I have got a raincoat. / We have got an orange fish.<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven't got a banana. She hasn't got a pet.<br>● Present Simple Tense (од одредени глаголи): We catch a fish in summer. I listen to music in the evening.<br>● Модален глагол CAN (потврдна и одречна форма): I can draw. I can't paint. | ● Учествува во кус дијалог на теми поврзани со активностите во своето слободно време под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците.<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со активностите во своето слободно време преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели.<br>● Одговара (со невербален јазик) на реченици кои изразуваат што умее и не умее да направи во однос на одредена активност.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира јазични форми кои изразуваат што умее и не умее да направи во однос на одредена активност.<br>● Води кус дијалог поврзан со тоа што умее и не умее да направи во однос на одредена активност, правилно применувајќи ги граматичките структури, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците. |
| г) Интеркултурни содржини:<br>● Have a nice holiday!<br>● Enjoy your trip!<br>● Travel safe! | ● Посакува убаво лето, среќен пат и безбедно патување. |

**Примери за активности**

- Учениците преку игровни активности го увежбуваат усвоениот вокабулар.
  - Игра: *Season Bingo* (со флеш карти). Учениците ги елиминираат поимите поврзани со годишните времиња. (ИКТ)
  - Игра: *Word Chain Game*. Учениците составуваат реченици и секој ученик ја повторува реченицата и додава по еден поим, на пример: I can ski….I can ski and swim…..I can ski, swim and jump…
  - Игра: *Me Too*. Наставникот опишува активности од определен дел од денот и секој кој се сложува со тоа извикува Me too! На пример: I watch TV in the evening. I ride a bike in the afternoon…….Me too!!!
- Учениците, поделени во групи, лепат колаж на претходно подготвен работен лист со карактеристиките на определено годишно време (како изгледаат сончевите, снежните, дождливите и облачните денови) и го презентираат пред другите со именување и опишување.
- Наставникот покажува дадена илустрација со годишно време со одредена нелогичност, а учениците ја откриваат, ја коригираат и ја именуваат дадената грешка  (Is it snowy in summer? Nooooo, it is sunny).

- Учениците цртаат седум кругови кои ги претставуваат деновите на седмицата, а во секој круг цртаат по една активност што прават во слободното време и истата ја именуваат (на пример: On Monday, I listen to music).
- Учениците ја слушаат и пеат песничката *Yes, I can* и песничката со повторливи зборови (chant) *Days of the week.*
- Учениците селектираат активности кои умеат да ги прават во даден пиктограм, а потоа со примена на can/can't искажуваат што умеат/не умеат да направат (на пример: I can run / I can't swim).
- Наставникот ги поттикнува учениците на примена на форми за учтиво однесување за извинување, замолување, заблагодарување и прифаќање/одбивање нешто преку игра на улоги (Can you sit here, please?).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). Бидејќи во второ одделение по предметот *Англиски јазик* учениците ги совладуваат вештините слушање со разбирање и зборување, затоа наставникот/наставничката ги следи и ги оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/наставничката или од соучениците;
- невербалните реакции и изведби;
- реагирањето по инструкции (Open (close) your book, please! / Be quiet, please! / Look at this, please! / Sit down, please! / Point up (down), please! / Stand up, please! / Touch your nose, please!);
- изработките по дадени јазични инструкции (илустрации, цртежи, модели и сл.);
- изведбените активности на англиски јазик (пеење, игра на улоги).

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди – крај на одделна тема, тримесечје, полугодие или крај на учебна година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2022/2023 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Англиски јазик* за II одделение.** | бр. ___________<br>________________ година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска<br><br>_____________________________ |